**20170841465**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/2016), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016 и 163/2016), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2006, 88/2008, 31/2010, 36/2011, 53/2011, 93/2013, 99/2013, 164/2013, 151/2014, 193/2015, 213/2015 и 39/2016), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/2010, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 106/2013, 188/2013, 149/2015, 39/2016 и 172/2016) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008, 116/2010, 23/2013, 149/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.7. 2017 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2017 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.192/16 и 73/17) во делот II во табелата по подмерката 1.7 се додава нова подмерка 1.7-а која гласи:

| 1.7-а | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5 за продадени лубеници на регистрирани откупувачи |
|---|---|
| | |

II

Во делот XIV во табелата по бројот „1.7“ се додаваат зборовите „1.7-а“.

III

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 44-3136/1
4 јули 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.